Slow Food® Macedonia

ПРАВИЛНИК
за прибирање на фондови



www.slowfood.mk

ГЛАВА I
ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на Правилникот
Член 1

(1) Предмет на овој Правилник е утврдување на процесот за прибирање на фондови за целите на Слоу Фуд Македонија која своето делување го заснова врз принципите за одржлив систем за храна која нуди уживање, зачувување на традициите, еколошка одржливост и социјална правда.

(2) Процесот на прибирање средства мора да биде во целосна етичка согласност со вредностите наведени во ставот (1) на овој член, со цел да се избегне каква било контрадикторност помеѓу изворите на финансирање и мисијата на организацијата.

(3) Правилата содржани во овој Правилник се применуваат при сите активности за прибирање на фондови, односно интелектуални, материјални и парични средства, на локално и на национално ниво.

(4) Одредбите на овој Правилник се во согласност со принципите и Кодот на меѓународната организација Слоу Фуд и истите се прилагодени на специфичните критериуми и барања на организацијата на национално ниво, земајќи го предвид политичкиот, економскиот и културолошкиот диверзитет во државата.

(5) Сите одлуки околу прибирањето на фондови донесени од телата на организацијата (Лидер на конвивиум, Управен одбор на конвивиум, Национален совет, Национален одбор и Претседател на Национален одбор), мора да бидат усогласени со овој документ и со темелните принципи на Слоу Фуд Македонија.

Цели на прибирањето фондови
Член 2

(1) Основна цел на активностите за прибирање на фондови е градење на свесност за прашањата од областа на храната на локално, национално и глобално ниво преку соработка со партнери.

(2) За да се осигура финансиската одржливост и целосната независност во делувањето, Слоу Фуд Македонија се стреми кон диверзификација на изворите на поддршка (институции, фондации, деловен сектор и/или поединци), со што се зголемува видливоста на организацијата, побрзо ширење на филозофијата и се спречува зависноста од поединечни субјекти.

(3) Активностите за прибирање фондови треба да се насочени кон воспоставување на блиски и долготрајни врски со поддржувачите, засновани на взаемно разбирање, почит и амбиција за создавање трајни партнерства за долгорочен развој на организацијата.

(4) Субјектите кои прибираат парични средства во име и за потребите на Слоу Фуд Македонија, се должни да ги познаваат и да ги следат насоките утврдени со овој Правилник. Сите субјекти од овој став член се должни да соработуваат со раководните тела на организацијата и да дејствуваат под нивна непосредна супервизија.

Видови и извори на поддршка

Член 3

(1) Важен предуслов за успешно прибирање на фондови е потенцијалните подржувачи на Слоу Фуд Македонија, да имаат изградена доверба дека работата на Слоу Фуд Македонија е важна и корисна, без разлика на тоа дали се јавни или приватни субјекти (јавни и државни институции, фондации, деловни субјекти, организации или поединци).

(2) Поддршката која Слоу Фуд Македонија може да ја прими се класифицира во следните форми:

1.Финансиска (парична) поддршка

- Финансиски ресурси наменети за остварување на статутарните цели како донации, грантови-проектно финансирање, спонзорства, членарини и/или самофинансирање.

2.Материјална поддршка

- Материјални добра кои се неопходни за реализација на одредена активност како опрема и материјали, простор за настан, неопходни реквизити за реализација на настан и/или локални производи.

3.Интелектуална поддршка:

- Професионални услуги (фотографирање, видеопродукција, графички дизајн, ИТ услуги);
- Стручна помош (пишување статии и проекти, консалтинг услуги и совети);
- Едукативни активности (предавачи на работилници).

(3) Со цел да се овозможи поддршка, Слоу Фуд Македонија врши задолжителен увид и евалуација на потенцијалните поддржувачи преку сопствени механизми и алатки.

(4) При евалуацијата од ставот (4) на овој член, посебно се оценува усогласеноста на мисијата на поддржувачот со вредностите на Слоу Фуд Македонија, како и релевантноста на неговите заложби во однос на конкретните теми и проекти на организацијата.

ГЛАВА II
ПРИНЦИПИ И КРИТЕРИУМИ

Темелни принципи на независност и етичност

Член 4

(1) Активностите за прибирање фондови на сите нивоа на структурата на Слоу Фуд Македонија се засноваат на два темелни принципи:

- Принцип на независност: Ниту еден поддржувач не смее да влијае врз одлуките, стратегиите и независноста на организацијата. Слоу Фуд Македонија задржува целосна автономија во дефинирањето на своите политики и активности, без оглед на видот и обемот на поддршката.
- Принцип на етичка компатибилност: Субјекти или ентитети чии дејности, методи на производство или деловни политики се во јасен конфликт со филозофијата на Слоу Фуд Македонија, не можат да бидат поддржувачи, донатори или партнери на организацијата.

(2) Покрај почитувањето на основните два принципи, Слоу Фуд Македонија се стреми кон активно и континуирано инволвирање на поддржувачите во заеднички активности кои носат взаемна корист и за реципрочно позитивно влијание, каде што партнерството не само што придонесува за развој на Слоу Фуд Македонија, туку овозможува организацијата активно да влијае врз

промената на свеста и процесите на донесување одлуки кај самите поддржувачи во насока на нејзините вредности.

Неприфатливи поддржувачи и конфликт на интереси

Член 5

(1) Слоу Фуд Македонија (националната организација и поврзаните ентитети - конвивиуми и тематски мрежи) не прифаќа донации, спонзорства или било каков вид соработка од правни ентитети чие дејствување е во директна спротивност со етичките и еколошките стандарди на организацијата.

(2) Соработка не може да се воспостави со субјекти кои се вклучени во:

- Производство или продажба на оружје и воена опрема;
- Производство или продажба на ГМО производи и семиња за ГМО култури;
- Производство на индустриски процесирана и „брза“ храна која го загрозува здравјето на потрошувачите.
- Производство на штетни хемиски средства и фармацевтски производи (со исклучок на компании чија дејност е исклучиво преработка, сушење и пакување на чаеви, печурки и шумски плодови).
- Предизвикување на еколошки катастрофи или континуирано загадување на животната средина;
- Непочитување на законските правила за управување со отпад и заштита на екосистемите;
- Непочитување на стандардите за благосостојба на животните.
- Кршење на фундаменталните човекови права и меѓународните конвенции за работнички права (со други зборови да ги почитува правата на работниците и да има политики за еднаквост на жените и мажите, да не изразува отворени негативни ставови за примена на меѓународите и државните регулативи за еднакви можности за жените).
- Непочитување на законските обврски кон вработените или експлоатација на работна сила.
- Монополистичко однесување на пазарот на штета на малите производители;
- Субјекти кои биле кривично гонети или казнети за сериозни прекршувања на законот и фундаменталните права.

(3) Слоу Фуд Македонија го задржува дискреционото право да одбие соработка со кој било субјект доколку се процени дека партнерството претставува ризик за угледот на организацијата. Ова право се применува во случаи кога поврзувањето со одреден поддржувач може да предизвика поларизација или недоверба кај членството, да го компромитира кредибилитетот на движењето во јавноста или да се коси со етичките очекувања на локалната заедница.

ГЛАВА III

ФОРМИ НА ПОДДРШКА

Општи одредби за соработка

Член 6

(1) Поради комплексноста на односите со различни општествени чинители, Слоу Фуд Македонија применува флексибилни, но строго дефинирани модели на соработка кои се прилагодуваат

според природата на поддржувачот, спецификите на планираните активности и видот на услугите што се обезбедуваат.

(2) Секоја потенцијална соработка подлежи на индивидуална контекстуална анализа. При оваа проценка, покрај профилот на поддржувачот, детално се анализираат и целите на конкретната активност за да се елиминира ризикот од индиректно инволвирање на организацијата во процеси кои не се во согласност со нејзините насоки.

(3) При изборот на соодветниот модел на соработка, надлежните тела на Слоу Фуд Македонија се должни да обезбедат рамнотежа помеѓу потребите за ресурси и заштитата на стратешкиот интерес на движењето, притоа водејќи сметка за локалниот контекст во кој се реализира активноста.

(4) Во ситуации каде што соработката е комплексна или нетипична, организацијата може да побара дополнително мислење од Националниот одбор или соодветните меѓународни тела, со цел да се обезбеди доследност во толкувањето на овие правила.

Филантропски фондации и организации

Член 7

(1) Во оваа категорија на подржувачи влегуваат приватните фондации (неповрзани со бизнис, фамилија или со поединец), здруженија, сојузи и други организации, кои може да потекнуваат од други земји, нивни канцеларии во Македонија или локални организации регистрирани во Република Македонија според Закон за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016).

(2) Покрај генералните принципи кои се наведени во Глава II, треба да се земе во предвид тоа дали фондацијата е поврзана со бизниси во прехранбениот сектор и/или специфични проекти кои се спротивни на принципите на Слоу Фуд и не го побаруваат на увид брендот на поврзаниот бизнис.

(3) Важно е да се процени како фондацијата/организацијата управува со своите средства и дали остварува приливи од субјекти кои се во конфликт со генералните принципи за субјекти од кои Слоу Фуд Македонија може да прибира фондови, или на било каков друг начин, кој соработката ќе ја направи неприфатлива.

Јавни институции

Член 8

(1) Во оваа категорија спаѓаат министерства, институции на локалната самоуправа, Владата на Република Македонија, Европската Унија, дипломатски претставништва на други земји во нашата земја или интернационални јавни институции.

(2) Донации од вакви јавни институции се засноваат на добиени средства од даночните обврзници и оттаму не се предмет на горенаведените ограничувања, се додека природата на проектите и на партнерите кои се инволвирани е внимателно проценета.

(3) Мора да постои максимална транспарентност и коректност во поврзаноста со јавните институции.

(4) При аплицирање, добивање и реализација на проекти со јавни средства, мора целосно да се испочитуваат постапките за доделување на фондови-парични средства.

Поддржувачи на Слоу Фуд

Член 9

(1) Слоу Фуд Македонија има можност да обезбедува фондови за своето делување, преку непосредно договарање со приватни компании, кои би ја поддржале работата на организацијата или конкретни проекти / настани.

(2) Оваа категорија ги опфаќа сите деловни субјекти (микро и мали претпријатија), како и даватели на услуги (финансиски, осигурителни, комуникациски и др.) кои покрај генералните принципи наведени во Глава II, мора да припаднат во една од следните групи:

1. **Сектор за производство и преработка на храна**, при што овој сектор подлежи на засилена проверка. Секоја соработка со овој сектор бара индивидуална проценка за да се осигура дека партнерството не е во контрадикторност со долгорочните цели на СФМК. Субјектите мора да исполнуваат барем еден од следните:
   - Критериум на целосна усогласеност - бизнисот оперира во целосна согласност со водичите и принципите на Слоу Фуд за добра, чиста и правична храна.
   - Критериум на развојна транзиција - бизнисот моментално не е целосно усогласен, но покажува мерлив интерес и презема конкретни чекори за промена на своите практики согласно сугестиите на организацијата. Соработката во овој случај е насочена кон поттикнување на позитивна трансформација.

2. **Сектор на услуги и не-прехранбени дејности**, при што критериумите се дефинирани според општата етичка прифатливост (Глава II) и нивното индиректно влијание (се врши проверка дали нивните инвестиции или деловни политики не поддржуваат активности кои директно ги загрозуваат локалните прехранбени системи или биодиверзитетот).

(3) Важно е да се процени визијата, мисијата и целата структура на компанииите кои се поддржувачи, за да се исклучи можноста тие да бидат директно или индиректно контролирани од бизниси чие дејствување е во конфликт со принципите на Слоу Фуд.

(4) Кај мултинационални компании и субјекти со комплексна сопственичка структура, задолжително е спроведување на секундарна анализа. Првичната позитивна оцена не е конечна доколку дополнителната истрага на сопственичката мрежа открие активности кои ги компромитираат принципите на Слоу Фуд Македонија.

(5) Типови на поддржувачи:
   - Пријател на Слоу Фуд
   - Партнер на Слоу Фуд
   - Спонзор
   - Донатор

„Пријател на Слоу Фуд“

Член 10

(1) Програмата „Пријател на Слоу Фуд“ се состои од годишни котизации од микро и мали претпријатија, пред се производители на храна, кои се усогласени со критериумите на Слоу Фуд. Целта на програмата е поттикнување и промовирање на локалното производство и агроеколошките практики.

(2) Висината на годишната котизација се одредува според големината на претпријатието, дефинирана врз основа на бројот на вработени:

- Микро претпријатија тип А: до 5 вработени;
- Микро претпријатија тип Б: до 10 вработени;
- Мали претпријатија: до 50 вработени;

(3) Точните износи на годишните котизации за секоја категорија се утврдени во „Правилник за членство во Слоу Фуд Македонија“ и подлежат на редовна годишна ревизија, при што нивната вредност се усогласува со висината на членарините.

(4) Поддршката во оваа програма е од општ карактер и не е наменски врзана за специфични проекти или промотивни кампањи.

(5) Компанијата се вклучува во официјалниот регистар на „Пријатели на Слоу Фуд“ како поддржувач на визијата и вредностите на движењето.

(6) Претпријатијата вклучени во програмата ги остваруваат следните придобивки:

- Право на идентификација со Слоу Фуд преку користење на наменската налепница „Пријател на Слоу Фуд“;
- Поблиска соработка со Слоу Фуд Македонија и Слоу Фуд Интернационал;
- Поголема видливост на компанијата;
- Придобивки како корисниците на Деловна картичка за членство во Слоу Фуд.

(7) Субјектите се обврзуваат на следново:

- Правилна употреба на налепницата согласно *Правилникот за користење на трговската марка на Слоу Фуд*;
- Правилно комуницирање на поддршката - како потврда за усогласеност на генералното работење на компанијата со принципите на Слоу Фуд движењето, а не како комерцијална гаранција за секој негов поединечен производ (сертификација);
- Промоција на заедничките вредности и споделување на информации за клучните активности и настани на организацијата во рамките на своите капацитети (дигитални медиуми, продажни места);
- Учество на координативни состаноци на барање на Слоу Фуд Македонија со цел унапредување на соработката.

„Партнер на Слоу Фуд“

Член 11

(1) Програмата „Партнер на Слоу Фуд“ се состои од годишни фиксни грантови кои определен број на компании од секторот на услуги и не-прехранбени дејности ги доделуваат на Слоу Фуд Македонија за нејзино оперативно и програмско работење, а кои може да бидат во форма на грантови, спонзорства или донации.

(2) Бројот на партнери е ограничен на 5 до 6 субјекти на годишно ниво, поради потребата од високо ниво на менаџирање и посветеност, притоа кандидатите мора да поминат низ процесот на длабинска анализа согласно Глава 2 од овој правилник.

(3) Партнерството се темели на заеднички стратешки цели и долгорочен развој на одржливи локални системи.

(4) Слоу Фуд Македонија изготвува годишна програма со понуда за потенцијалните партнери. Програмата ги вклучува тематските сегменти, настаните и публикациите кои може партнерот да ги одбере како предмет на поддршка.

(5) Партнерството се склучува со договор на годишно ниво и важи за тековната календарска година.

(6) Оваа програма е примарно наменета за големи компании (над 250 вработени) и меѓународни корпорации.

(7) Самата програма за партнерство ги пропишува деталите и начинот на комуницирање на партнерството.

Спонзор

Член 12

(1) Спонзорствата се еднократни наменски грантови кои Слоу Фуд Македонија ги побарува од компании за реализација на конкретни проектни активности, настани или публикации. За разлика од годишните партнерства, спонзорството е ограничено на временската рамка на специфичната активност.

(2) Прифаќањето на спонзорства, за разлика од донациите, не треба да е со утврдени барања, условувања и договори од страна на давателот.

(3) Корпоративното спонзорство се препознава како инструмент за зголемување на одржливоста и развојот на организацијата. Тоа овозможува пристап до ресурси кои го надминуваат опсегот на традиционалните филантропски извори, придонесувајќи за поголемо општествено влијание на движењето.

(4) Организацијата е должна да го процени ризикот од перцепцијата на спонзорството во јавноста и меѓу членството. Бидејќи спонзорството може да се доживее како индиректна промоција на комерцијален производ преку интегритетот на Слоу Фуд, се забранува секој вид на соработка која може да го наруши кредибилитетот на организацијата.

(5) Во овој вид на партнерства, Слоу Фуд Македонија мора да го заштити својот бренд, лого, име и репутација како членска организација со интегритет. Затоа организацијата треба строго да се придржува до одредбите од член 9 на овој Правилник.

Донации и децентрализирано прибирање фондови

Член 13

(1) Донации од физички лица

Слоу Фуд Македонија овозможува прифаќање донации од физички лица како израз на индивидуална поддршка за визијата на организацијата. Овие донации може да бидат:

Индивидуални: Самоиницијативни уплати од поддржувачи;

Наменски: Собирање средства преку специфични донаторски кампањи за одреден проект или програма.

Иако овие донации не подлежат на сложени ограничувања, Националниот одбор го задржува дискреционото право да одбие донација доколку процени дека истата може да му наштети на реномето на организацијата.

(2) Донации од правни субјекти и институции.

Донациите кои не се дел од комерцијалните програми за партнерство или спонзорство, се третираат како филантропски придонеси. За нив важат општите етички критериуми наведени во овој Правилник. Организацијата нема обврска за промоција на донаторот, освен вклучување во листата на донатори во извештаите за транспарентност, со претходна согласност на субјектот.

(3) Донаторски кампањи организирани од СФМК

Секој конститутивен дел од мрежата (локален конвивиум, секција или Слоу Фуд Млади Македонија) има право да иницира и активно да се вклучи во прибирање фондови преку:

- Организација на локални донаторски настани;
- Продажба на добра и услуги (мерчандајзинг, едукативни работилници);
- Локални кампањи за специфични проекти.

Собраните средства може да се користат за реализација на локалните цели или да се донираат за централните активности на Слоу Фуд Македонија.

(4) Локалните субјекти се автономни во изборот на своите поддржувачи, но се строго обврзани да ги следат насоките и етичките критериуми од овој Правилник.

- Локалните структури се должни да го пријават секој случај на потенцијална соработка која може да се смета за „критична“ или контроверзна.
- Националниот одбор има надлежност да ја преиспита методологијата на избор на донатори и да интервенира/забрани соработка доколку утврди прекршување на правилата за селекција.
- За секоја поголема јавна кампања која го користи брендот на национално ниво, потребна е претходна административна согласност од Националниот одбор.

ГЛАВА IV
ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И НОСЕЊЕ ОДЛУКИ

Носење на одлука
Член 14

(1) Одлуките во однос на партнерствата/спонзорствата се носат од страна на Националниот одбор (НО) на Слоу Фуд Македонија. Секако, ваквата одлука има потреба од соработка и поддршка од секторот за комуникации и целата мрежа, и тоа пред, но и после потврдувањето на спонзорствата во текот на реализацијата на проектот или настанот.

(2) Големината на потенцијалното спонзорство не смее да го наруши интегритетот на Слоу Фуд Македонија како независна организација. Секогаш треба да се има во предвид можниот ризик за компромитизација, кој може да доведе до нарушување на репутацијата на Слоу Фуд Македонија. Проценката за ваквиот ризик е тешко да се утврди однапред, затоа комуникацијата помеѓу лидерите на конвивиумите и НО треба да е постојана и конструктивна за да се сфатат и разберат целите на спонзорот.

(3) Овие принципи се базирани на мисијата и вредностите на Слоу Фуд Македонија, но и на примената на водичот за прибирање фондови на Слоу Фуд интернационал. Следствено на тоа Слоу Фуд Македонија тоа го побарува од конвивиумите.

(4) Овие принципи треба да се применуваат за сите кандидати за поддршка. Слоу Фуд Македонија го задржува правото да ги одбие парите од било кој ентитет или да ја прекине соработката во било кое време. Прифаќањето на поддршка од каков било вид, не треба да значи, експлицитно или имплицитно, дека Слоу Фуд Македонија ги одобрува производите, услугите, објектите или бизнисите на донаторот/спонзорот.

(5) Националниот одбор будно го следи изборот на поддржувачи и реагира секогаш кога се прекршуваат принципите на организацијата. НО преку своите системи на донесување одлуки има право да им наложи на организациите од мрежата (конвивиумите и други членки

здруженија) да не прифаќаат поддршка/донации од несоодветен поддржувач. Додека пак, прибирачите на фондови, најчувствителните случаи превентивно ги пријавуваат до НО, така што ќе се донесат заеднички одлуки. Одлуките на НО во однос на овие прашања се конечни и мора веднаш да се применат.

(6) Статусот на подржувач на Слоу Фуд Македонија со текот на времето може да се смени. Важно е да се процени потребата за прекин или за измена на поврзаноста, доколку овие правила повеќе не се почитуваат. Во било кој случај, препорачливо е било каков прекин на поврзаноста да се случи во моментот кога важноста на било кој договор истекува, освен за ситуации кои се многу штетни за Слоу Фуд Македонија.

(7) Слоу Фуд Македонија не воспоставува исклучива поврзаност со еден субјект, а посебно во прехранбениот сектор. Сепак, договор со одредено стратешко и финансиско значење, може да подразбира признавање на ексклузивни права, кое е предмет на одобрување од страна на интернационалниот Извршен комитет (ИК) или од Националниот одбор (НО) на Слоу Фуд Македонија.

(8) Националниот одбор заедно со извршната канцеларија подготвува листа на прифатливи компании, која по предлог на сите членови на СФ, органи на конвивиуми се дополнува. Секој член, орган на Слоу Фуд, конвивиум или вработен во Слоу Фуд може да предложи компанија-потенцијален партнер на Слоу Фуд Македонија, по што таа се оценува и доколку се одобри се става на листата.

(9) Секој субјект на организацијата (конвивиум, национална организација, секција, СФММ) е слободна во изборот на свои сопствени поддржувачи, а во исто време треба да ги следи насоките од овој правилник.

ГЛАВА V
ВИДЛИВОСТ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОДГОВОРНОСТ

Видливост на поддржувачите
Член 15

(1) Слоу Фуд Македонија ќе обезбеди видливост за своите спонзори преку:
- списокот на поддржувачи кој ќе биде објавен на веб страната на Слоу Фуд Македонија во текот на периодите во кои соодветните договори се во сила.
- наведување на логото на спонзорот, како и линк за главната страна на спонзорот.

(2) Линкови до било која надворешна вебстрана или до било каков комерцијален или не-комерцијален производ или услуга од трета страна, не треба да претставуваат препорака за одобрување на производите, услугите, објектите или бизнисите на таквиот спонзор од страна на Слоу Фуд Македонија.

Транспарентност и одговорност
Член 16

(1) Со секоја донација, грант или спонзорство, Слоу Фуд Македонија превзема одговорност навремено да ги комуницира своите активности кои се поддржани од тие средства.

(2) Со цел обезбедување максимална транспарентност за поддржувачите, членството и јавноста, Слоу Фуд Македонија треба да наведе јасни информации во однос на:
- крајната цел за користење на поддршката која е дадена;

- мисијата на организацијата;
- управувачките тела на организацијата и оперативната структура;
- финансиската состојба на организацијата и економските резултати;
- активности кои се спроведени и резултатите кои се добиени во однос на стремежот на мисијата;
- идентитетот и улогата на субјектите кои соработуваат со организацијата и со кои доаѓа во контакт.

Слоу Фуд Македонија ги почитува националните закони кои се во сила, што е предвидено и со статутот, правилниците и програмските определби во однос на финансиското работење, планирањето и реализацијата на годишни буџети, како и извештаи за спроведени активности. Грантовите и донациите уредно ќе бидат евидентирани во буџетите и презентирани во извештаите.

Издание: 02
Датум на донесување: 10.05.2026 година